Јавно претпријатие за водоснабдување
Студенчица
Ndërmarrja Publike për Furnizim me Ujë
Studençica
Бр./Nr. 02-391/1-3/2
28.02 20 23 год./vit.
Кичево - Kërçovë

# И З В Е Ш Т А Ј

**за извршен преглед на Годишна сметка и Извештајот за работењето на ЈП за водоснабдување „Студенчица" Кичево за деловната 2022 година**

На седницата одржана на 28.02.2023 година Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица„ Кичево ги разгледа Годишната сметка бр. 01-322/1 од 20.02.2023 година и Извештајот бр.01-321/1 од 20.02.2023 година за работењето на ЈП за водоснабдување „Студенчица" Кичево за деловната 2022 година (01.01.-31.12.).

На седницата беа презентирани и елаборирани основните финансиски извештаи согласно Законот за трговски друштва, материјално финансиски Извештај за работењето во деловната 2022 година, биланс на состојба и биланс на успех.

Врз основа на разгледувањето на материјално финансиските извештаи, Надзорниот одбор ја констатира следната состојба :

**1)Со биланс на состојба на 31.12.2022година :**

Вкупна актива за 2022 година ________________ 391.094.654,00 денари

Нето вредност на капиталот за 2022 година, 389.319.405,00 денари(актива минус долгорочни и краткорочни обврски)

**2)Со биланс на успех на 31.12.2022 година :**

Вкупно приходи------------------------------------------------ 74.408.285,00 денари

Вкупно расходи ------------------------------------------------ 67.717.312,00 денари

Вишок на средства од работењето
пред оданочување ___________________________________6.690.972,00 денари

Вишок на средства од работењето
по оданочување ______________________________________5.156.468,00 денари

3.Вкупни побарувања заклучно со 31.12.2022 година изнесуваат 157.736,266,00 денари .

3.1.Пренесен дел од минати години на вкупни побарувања изнесува 171.081.184,00 денари.

3.2.Вкупно ненаплатени побарувања по сите основи за 2022 година изнесуваат 157.736,266,00 денари.

3.3.Тековни побарувања од купувачи за 2022 година: 64.021.774,00 денари.

3.4.Вкупните ненаплатени побарувања од продажба на вода во износ од 115.972.446,00 денари и се однесуваат на ЈКП корисници и АД ЕСМ Скопје (РЕК Осломеј Кичево).

3.5. Покрај наведените побарувања, Јавното претпријатие има краткорочни побарувања по основ даден депозит во банка на износ од 70.000.000,00 денари.

4.Во 2022 година од купувачи вкупно наплатени 47.392.715,00 денари, делот кој припаѓа на ЈКП корисници изнесува 25.567.738,00 денари, што претставува 54% од вкупната наплата за 2022 година. Останатиот дел од 21.824.977,00 денари, што претставува 46% припаѓа на наплатени побарувања од АД ЕЛЕМ Скопје (РЕК Осломеј Кичево).

5.Според Биланс на состојба заклучно со 31.12.2022 година ,вкупно тековни обврски 1.775.249,00 денари.

6. Вкупните приходи остварени во 2022 година изнесуваат 74.408.285,00 денари, кој во однос на вкупно планираниот приход за цела 2022 година е реализиран со 102% .

7. Вкупните трошоци во 2022 година изнесуваат 67.717.312,00 денари и нивната реализација е 94% од рамката на планираното за 2022 година.

8.Врз основа на показателите на состојбата на јавното претпријатие за деловната 2022 година изведени од контата-сметки со методот на релативни финансиски показтели заклучно со 31.12.2022 година, добиени се следните показатели :

- финансиска стабилност : 98.22761%
-степен на самофинансирање : 10325.8%
-степен на задолженост : 0.455988 %
-степен на кредитна способност: 212.4827 %
Ликвидност:
Моментална: 1413.084 %
Тековна:10315.61%
општа: 10327.32 %
Економичност: 109.8807%
Рентабилност:
-коефициент на врзување на побарувањата: 773.7544 дена.
-коефициент на плаќање: 9.568689 дена.

Потребно е да се истакне дека во поглед на финансирањето на своите активности во 2022 година, јавното претпријатие како и во предходните години исклучиво се потпира на сопствени финансиски средства и во досегашното работење нема користено банкарски кредити.

9.Надзорниот одбор смета дека Годишната сметка за 2022 година е изготвена согласно Законот за трговски друштва, Закон за исплата на плати, Закон за додадена вредност, Закон за персонален данок на доход, Закон за јавните претпријатија, Закон за јавните набавки и други закони и подзаконски акти уредби, правилници, одлуки и др.) кои го уредуваат финансиското работење на јавното претпријатие. Во годишната сметка за 2022 година постои усогласеност меѓу одделни сметки од активата и пасивата и финансискиот резултат од работењето е реално прикажан.

Годишната сметка е резултат на Биланс на состојба на 31.12.2022 година и настанатите деловни промени во работењето во текот на годината во презентираните извештаи и прегледување на истите.

10.Основна карактеристика за финансиското работење на јавното претпријатие за 2022 година е остварен позитивен финансиски резултат-вишок на средства оставрени од работењето во износ од 6.690.972,00 денари, пред однаночување, или вишок средства од работењето по оданачување износ од 5.156.468,00 денари.Остварената добивка се должи на остварените приходи над планираните во деловната 2022 година. Вишокот на средства остварени од работењето на Јавното претпријатие за финансиска 2022 година по оданочување во износ од 5.156.468,00 денари во целоста ќе се употребат за покривање на дел од пренесената загуба во работењето од минати години која изнесува 57.288.893,00 денари.

ЈП за целокупното свое постоење работи исклучиво со сопствени средства и ликвидност на високо ниво и не користи кредити.

11.Во делот на капиталот и обврските во оваа деловна година има зголемување на капиталот на јавното претпријатие во однос на 2021 година за 1,24% што е одраз на искажана добивка.

12.Остварениот позитивен финансиски резултат во деловната 2022 година влијае на финансиската стабилност, општата ликвидност и исполнување на обврските на јавното претпријатие.

Имено, јавното претпријатие и во деловната 2022 година предвид погореизнесените показатели е со финансиска стабилност од 98,23%, со висок степен на самофинансисрање од 103325,8%, висока моментална ликвидност од 1413,084%, при што исполнувањето на тековните обврски го врши за 9,57 денови, во законски и договорен рок.

13. Надзорниот одбор за контрола на материјано финансиското работење на јавното претпријатие ги разгледа Годишната сметка и Извештајот за работа на јавното претпријатие за 2022 година и по нив нема забелешки поради кое дава позитивно мислење по истите до Управниот одбор да ги усвои.

14.Овој извештај со мислење по годишна сметка и Извештајот за работењето на јавното претпријатие за 2022 година да се достават до Управниот одбор на јавното претпријатие, Министерство за финансии, Министерство за транспорт и врски, Министерство за животна средина и просторно планирање и Владата на Република Северна Македонија .

28. 02.2023 година
Кичево

**Претседател на Надзорен одбор за контрола на материјално финансиско работење**
**на ЈП „Студенчица" Кичево**
**Lirim Fejza**

Јавно претпријатие за водоснабдување Студенчица Ndërmarrja Publike për Furnizim me Ujë Studençica * Kërçovë * * Кичево *